## И ЦРНАТА БОЈА ИМА РОЗЕВА СТРАНА

# ИНСТРУКЦИИ ЗА САМОУБИСТВО или ОПСТАНОК

***Дали барате безболен начин, за да ѝм ставите крај на Вашите насмевки, радости, забави и животна енергија?***
***Зарем не гледате дека со самиот упис на овој факултет сте завршиле голема работа?***
***Браво!***

Медицинскиот факултет е ефикасен убиец со интензитет на делување, поагресивен и од докажаните отрови! Неговата ефикаснот, меѓу другото, се должи и на долготрајноста на неговото дејство. Та, тој трае цели 6 години! И трае, и трае... Секоја година е проследена со свои механизми на садистичка акција врз кревкиот мазохистички студентски организам.

Во продолжение се изложени секој од механизмите поединечно, сортирани по години. Тие можат да послужат како инструкции за докусурување на очајните или за преживување на ентузијастите (ако сé уште има такви).

## ПРВА ГОДИНА

Ох, леле од каде да се почне!

Оваа година е дизајнирана за забрзана селекција врз основа на критериумите "Низ сито и низ решето", "Низ иглени уши" и "Способност за деструкција на челични чевли".

Опремена е со ударни дози на тортура и репресија, а еве листа од најчесто превземаните мерки:

1. Шеткање на 2 спротивни краја од (не така малиот!) главен град. Понекогаш и неколку пати во текот на денот, согласно на играта наречена "пинг-понг" во која Вие ја играте ролјата на топчето. Уште ако се земе в предвид и временската прогноза (нели "Скопје има микроклима: изгор лето - кочан зима") и ако се помножи со луксузниот комодитет кој го нуди "двојката" од нашиот славен ЈСП  (правен според рецептот наречен "палачинки") добиваме ситуација, во која се чувствувате како да сте добиле двојче (од основното училиште, а може и од партнерот). Значи оваа состојба е толку розова што веќе оди накај виолетова (да не речам "помодрена") и со тенденција да стане сина (или "blue"како што би ја нарекле англичаниве).

2. Маратонски вежби, работени според златниот стандард "Нервите најдобро се кинат систематски т.е. еден по еден - никако одеднаш! ". Но, за да се искинат нервите прво треба да поминат низ процес на истенчување заради вербалните и (инцидентните) визуелни проекции на хоророт наречен "Манијаци на Гази Баба". Чистокрвна параноја!

3. Пракса по анатомија правена според лотарискиот систем во кој шеската добива. Тоа значи дека среќниците, кои случајно ќе успеат да се разбудат во 6 часот во мугри, добиваат право за влез на вежбите. Значи, станува збор за еден мошне амбициозен систем, кој претставува сериозна конкуренција и за првите утрински петли.

4. Предавања. Ај кажете стерноклеидомастоидеус 10 пати, едно по друго со голема брзина, да Ве видам! Па тоа е вистински подвиг и за маничните пациенти на психијатрија (кои имаат напади на логореа)! Брррр...

**ВТОРА ГОДИНА**

1. Аромотерапија! Ќе воспоставите нераскинлива врска со формалинот на која можат да Ви позавидат и најстабилните парови. Тој ќе ви се вовлече под кожа (буквално!) и Вие ќе зрачите во вашиот дом толку силно што и мајчето ќе Ви се расплаче: тоа ќе плаче кога ќе Ви ги пере алиштата, кога ќе Ви се доближи и секој пат кога ќе се присети дека таа Ве наговарала за упис на овој факултет.

2. Ритуал и пртокол во испитување (на некои престижни катедри) под мотото "Хирот не е хир, доколку не се истера до крај! " или "Не можеме да малтретираме онолку - колку што можат да издржат! "

**ТРЕТА ГОДИНА**

1. Монотонија во развој. Живот без акција. Дури и бабата од комшии води подинамичен живот од вашиот, кој се угледува на филмот "На запад ништо ново" или на поговорката "Учењето е уништувач на забави".

2. Мртва природа на секој чекор. На толку мртовци и највиталното суштество на планетава ќе се претвори во Зомби. Од пациенти ни трага - ни глас. А, најстрашно е што воопшто не станува збор за криенка!

**ЧЕТВРТА ГОДИНА**

1. Порој од пациенти по сушна година! Кога нема - нема ни за лек, а тие токму за лек се дојдени, но на крајот тие се претвораат во лек за лекарите. Во превод: тие почнуваат да делуваат анестетички и наркотички истовремено, па затоа не Ви изгледа чудно крајно искулираниот однос на лекарите.

2. Значи, пациентите никогаш не се криеле. Тоа од секогаш го правеле само асистентите. "Мижи Асан да ти бајам", "Кога врбата ќе роди грозје", "Село гори, а баба се чешла" и "Во едно убаво куково лето... " се лекциите, кои најмногу сакаат да Ви ги "раскажуваат".

**ПЕТТА ГОДИНА**

1. Економска "распаљотка". Пратена со инфлација во вашите џепови, без скршен денар во Вашите паричници. Дури ни швајцарските банки не можат да ги покријат Вашите долгови во "Хипократ" и во "Восток", направени во дупките на наставата, кои се премногу чести и бројни, за да бидат проведени по пат на висење во ходници.

2. Twighlight zone: Сите го критикуваат Вашето (не)знаење насобрано низ годините, а никој не прави ништо, за да го поправи!

**ШЕСТА ГОДИНА**

Епа, ако стигнавте до тука, секоја чест! Тоа значи дека веќе ништо не може да Ве изненади, зашто Дунав му е до колена на човек, кого мува не го лази. А, и така не удира гром во коприва.

Пријавете се во ССММ, за да делите автограми во слободно време.

Со овој пакет Ви следува и поздрав од Биле, но поминале !
Срдечно Ви го врачувам! ☺